**ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА**

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09 – 2075/1
16.10.2023

Врз основа на Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица и Правилник за начинот на остварување на право на еднократна парична помош на лица со попреченост кои живеат на територијата на Општина Македонска Каменица бр.08-1901/1 од 27,09,2023 година, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го објавува следниот:

## ЈАВЕН ПОВИК

**1.**Општина Македонска Каменица застапувана од Градоначалникот Димчо Атанасовски, согласно Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица за 2023 година и согласно Правилник за начинот на остварување на право на еднократна парична помош на лица со попреченост кои живеат на територијата на Општина Македонска Каменица бр.08-1901/1 од 27,09,2023 година во износ од 25.000,00 денари, упатува Јавен повик до сите семејства на лица со попреченост.

**2**. Барателите кои ќе се пријават на јавниот повик треба да достават:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;
- Изјава за користење на лични податоци;
- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта)
- Фотокопија од извод од матична книга на родените или венчаните како доказ за сродство;
- Потврда за жителство;
- Наод и мислење за оцена на видот и степеност на попреченост и посебните потреби на лица со попреченост,
- Наод и мислење на Службата за функционална проценка (МКФ);
- Потврда дека лицето остварува право на надоместок поради попреченост врз основа на конзилијарно мислење,
- Друга медицинска документација која може да послужи како доказ дека лицето ги исполнува условите согласно Правилникот.

**3**,Барањето и потребната документација се доставува до архивата на Општина Македонска Каменица непосредно, по пошта или во електронска форма.

Во електронска форма барањата и документацијата се праќаат на официјалната електронска адреса на Општина Македонска Каменица opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk
со назнака ,,за јавен повик за доделување на еднократна парична помош на на лица со попреченост кои живеат на територијата на Општина Македонска Каменица

Рокот за пријавување е до 30 Ноември 2023 година.

**Општина Македонска Каменица**
**Градоначалник,**
**Димчо Атанасовски**

Изготвил: Анета Темчева